## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА ПЕРИОД 2021-2023

# Табеларен преглед/извештај за реализација и остварените резултати согласно АП за БЗР 2021-2023

Овој Извештај е подготвен во табеларна форма, при што е употребена матрицата содржана во Акцискиот план за БЗР за периодот 2021-2023. Во табелата се прикажани информации и податоци кои се однесуваат на степенот на реализација и постигнатите резултати по однос на секоја од активностите кои се наведени во АП за БЗР 2021-2023. Извештајот е подготвен врз основа на информации кои се доставени од страна на различни субјекти кои учествуваат во креирање, спроведување, следење на спроведувањето на различни политики, мерки и активности од областа на безбедноста и здравјето при работа. Придонеси за подготовка на овој Извештај се побарани од сите релевантни субјекти преку Советот за безбедност и здравје при работа (седница на Советот, одржана на 21.12.2023 година) и е подготвен врз основа на доставените материјали. Подготовката на Извештајот ја координираше Министерството за труд и социјална политика.

Извештајот е усвоен од страна на Советот за безбедност и здравје при работа, на Седницата одржана на 7 март 2024 година.

Како што може да се забележи од наведеното во табелата, за повеќето активности кои се вклучени во Акцискиот план за изминатиот тригодишен период може да се заклучи дека или активноста е реализирана во целост или дека е во тек (т.е. одредени конкретни чекори во тој дел се реализираат, но не може да се смета дека активноста наведена во АП е целосно реализирана и комплетирана). Одредени планирани активности остануваат нереализирани од различни причини и истите, доколку се сеуште актуелни, ќе можат да бидат вклучени и во следниот Акциски план кој ќе се подготви за периодот 2024-2025 година.

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| **Донесување на нов Закон за безбедност и здравје при работа** | 2021-2022 | **МТСП, ДИТ**, сите останати клучни партнери | -Изработен предлог-Закон за БЗР<br>-Усвоен Закон за БЗР | Поддршка од ФЕС<br><br>2021: 250,000<br>2022: 18,000 | **ВО ТЕК.**<br>Овој процес, кој се одвива веќе подолг временски период сеуште е во тек. На почетокот на 2021 година, врз основа на материјалите од дотогаш реализираните консултации со релевантните субјекти, со поддршка од канцеларијата на Фондацијата Фридрих Еберт и придонес на локални експерти во областа, се подготви првичен нацрт-текст на нов Закон за безбедност и здравје при работа. Оваа верзија на Законот беше детално разгледувана и дискутирана на работилница која се одржа со претставници од сите засегнати страни кон крајот на годината, при што се донесе заклучок дека е неопходно предлог-текстот да биде преработен и подобрен.<br><br>За поддршка и координирање на процесот на консултации и подготовка на текстот на новиот Закон за БЗР во МТСП во 2022 година беше ангажиран надворешен советник. Во наредниот период продолжија да се организираат поединечни средби со различни засегнати страни за дискутирање на одредени решенија и законски одредби и за усогласување на ставовите.<br>Меѓу другото, се реализираа поединечни работни средби со претставници од Министерството за транспорт и врски, потоа со Министерството за образование и наука, како и со Државниот инспекторат за техничка инспекција при Министерството за економија и со Центарот за управување со кризи. На овие средби се водеа дискусии во насока на изнаоѓање на заеднички прифатливи законски решенија со кои ќе се надминат одредени констатирани слабости и недоречености и појавата на преклопување на надлежности помеѓу неколку институции, а кои се присутни во постоечкиот Закон за БЗР. Понатаму се одржа средба и со претставници на Организацијата на работодавачи на Македонија, а потоа истото беше реализирано и со репрезентативниот синдикат на национално ниво (Сојузот на синдикати на Македонија). Посебни средби се одржаа и со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и со Државниот инспекторат за труд, при што се дискутираа повеќе отворени прашања поврзани со повредите при работа и професионалните заболувања. Дополнително, во јуни 2023 година, се реализираа работни средби и со претставници/експерти од областа на медицина на трудот, а потоа и со претставниците од сите високо-образовни институции (факултети) кои едуцираат кадар во областа на безбедност при работа и медицина на трудот. |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1

## ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Посебна презентација и дискусија за тековните состојби во однос на подготовката на законот и дотогаш подготвената нацрт-содржина, беше организирана и на седница на Советот за БЗР (април 2023 год.).<br><br>Од страна на ангажираниот надворешен експерт, сублимирани се досега добиени коментари, ставови, забелешки, добиени од различните работни средби и состаноци со различни засегнати страни и подготвен е првичниот нацрт-текст на новиот Закон за БЗР.<br>Понатаму се планира предлог-текстот на Законот да се достави и до останатите засегнати страни на разгледување и коментирање. |
| **Ревизија на постоечки или донесување нови подзаконски акти (правилници) во доменот на БЗР** (во согласност со ЕУ директивите, како и новиот Закон за БЗР) | 2021-2023 | **МТСП, ДИТ**, МЗ, сите останати клучни партнери | -Изработени подзаконски акти-Правилници во доменот на БЗР<br>-Усвоени подзаконски акти-Правилници во доменот на БЗР | Нема фискални импликации | **ВО ТЕК.**<br>Фокусот ќе биде ставен на ревидирањето на постоечките подзаконски акти и подготовката на нови, откако ќе биде финализиран и/или познат финалниот изглед на новиот Закон за безбедност и здравје при работа. Сепак, и покрај тоа што предлог-текстот на новиот ЗБЗР сеуште не е разгледуван и усогласуван со релевантните засегнати субјекти во областа на БЗР, паралелно со работата на текстот на законот, се работеше и на некои подзаконски акти, како на пример Правилник за водење на евиденција за БЗР, Правилник за план за БЗР на градилишта, Правилник за образец за известување за отпочнување со вршење на дејност (до ДИТ и до ДИТИ), за отпочнување на градежни работи, за завршување на градежни работи, за работа во шуми, за вршење на геолошки истражувања.<br>На овие и останатите подзаконски акти, поинтензивно ќе се работи во наредниот период. |
| **Подготовка и донесување на нов Правилник за БЗР при рачно пренесување на товар, за целосно усогласување со релевантната ЕУ директива и подобрување на барањата и стандардите во овој дел.** | 2021 | **МТСП, ДИТ**, Совет за БЗР, професионални здруженија, останати клучни партнери | Изработен предлог-текст на Правилник<br>- Усвоен Правилник<br>- | Нема фискални импликации | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>После подолги разговори и консултации со сите засегнати страни во областа на БЗР, беше финализиран текстот на новиот **Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар.** Правилникот е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 227/22 од 26 октомври 2022 година.<br>Овој Правилник го замени постоечкиот подзаконски акт за БЗР при рачно пренесување на товар од 2007 година. Подготовката на новиот Правилник |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| | | | | | беше иницирана од страна на едно од здруженијата на стручни лица за БР („Тутела“).<br>Со новиот Правилник, покрај тоа што се внимаваше на задржувањето на целосна усогласеност со релевантната ЕУ директива од оваа област (31990L0269), се обезбеди многу подетално и посеопфатно регулирање на оваа проблематика преку дефинирање на различните гранични вредности на тежините при манипулацијата со товар, во зависност од поставеноста на тежиштето на товарот и неговата оддалеченост од телото на работникот, гранични вредности при носење на товар или негово туркање и/или влечење, тркалање или пренесување на товар во седечка позиција. Утврдени се и максимално дозволените тежини за одредени специфични категории на вработени (бремени работнички, млади работници, работници со одредени здравствени состојби). При подготовката на овој правилник користени се искуствата и стандардите кои се меѓународно прифатени и инкорпорирани/употребувани во голем број на држави во Европската унија и пошироко.<br><br>Правилникот беше објавен во Службен весник за време на Европската недела за БЗР (24-28.10.2022) и при одбележувањето на Европската кампања за БЗР („Олеснете го товарот“) на EU-OSHA, која беше посветена токму на мускулно-скелетните нарушувања поврзани со работата. |
| **Анализа и согледување на потребата од измени и дополнувања (или евентуално, подготовка на нов) Правилник за привремени и мобилни градилишта** | 2022-2023 | **МТСП, ДИТ**, Совет за БЗР, професионални здруженија, социјални партнери, останати клучни партнери | Иницирам процес на анализа и консултации за ревидирање на подзаконскиот акт за БЗР на привремени и мобилни градилишта | МТСП<br><br>2022: 12,000 | **ВО ТЕК.**<br>Првична ваква анализа е направена при подготовките на билатералниот состанок со Европската комисија за Поглавјето 19-Социјална политика и вработување (5.2023), каде големо внимание беше посветено на областа БЗР. За овој состанок се подготвуваа материјали, анализи и презентации за сите најзначајни Европски директиви во делот на БЗР, меѓу кои и Директивата за привремени и мобилни градилишта (92/57/EEC ) и степенот на нејзино транспонирање во националното законодавство и примена. Анализата покажа дека постојат делови од релевантната ЕУ Директива кои не се соодветно транспонирани, но исто така, врз основа на искуствата од досегашната имплементација на Правилникот, идентификувани се одредени слабости и потреба од допрецизирање и подобрување на некои од одредбите во овој дел. |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**

**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР**

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Веќе е и дискутирано за дел од овие прашања кои би требало да бидат соодветно адресирани, при што идеја е одредени битни одредби поврзани со БЗР во градежништвото и на градилиштата (меѓу кои и некои одредби поврзани со координаторите, нивно лиценцирање и сл.) да бидат внесени и во текстот на новиот Закон за БЗР, кој е во подготовка. |
| **Ревизија на постоечка или донесување нова специфична регулатива од други области, а од интерес за БЗР** | 2021-2023 | **МТСП**, **ДИТ**, релевантни институции согласно интересот, надлежностите и регулативата | - Формирање на работни групи за работа на регулатива за која надлежност имаат повеќе институции/органи<br>- Изработена нова специфична регулатива од интерес за БЗР<br>-Усвоена нова специфична регулатива од интерес за БЗР | МТСП<br><br>2022: 31,000<br>2023: 31,000 | **НЕРЕАЛИЗИРАНО / ВО ТЕК.**<br>Во изминатиот период, во рамки на работните средби и консултации за подготовка на новиот Закон за БЗР, беа отворени и дискутирани и повеќе теми и прашања за постоењето на преклопувања на надлежности и обврски поврзани со БЗР во различни закони и/или кај различни органи и институции. Такви се дискусиите во делот на градежништвото и градбата, во делот на справувањето со кризи, делот на противпожарна заштита, потоа идентификувана е потреба од одредени измени во други законски/подзаконски акти кои не се од надлежност на МТСП итн.<br>На овие активности ќе се работи поинтензивно, откако постепено ќе се „заокружува“ и работата на Законот за БЗР.<br><br>Освен тоа, во овој период, во рамките на проектот „Ревизија на листата на опасни занимања кои се квалификувани за предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж“ изработен е **предлог за нов Правилник за утврдување и ревизија на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење**, каде освен постапката и начинот за утврдување и ревизија на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење, дадена е и содржана и методологијата за изработка на стручна документација за утврдување на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење, како негов составен дел.<br>Дополнително, изработена е и **нова предлог - Листа на опасни занимања/работни места подобни за предвремено пензионирање** во согласност со нивото на ризик и предложениот степен на пензија, која е составен дел на предлог-Правилникот. За обележување е намалувањето на работни места со бенефициран стаж за 58% поради гаснење на одредени дејности, како и поради технолошко усовршување на процесите на производство. |

<table>
<tr><td colspan="6"><u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1</u><br>ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР</td></tr>
<tr><th>Активност</th><th>Временска рамка</th><th>Одговорни</th><th>Индикатори за следење</th><th>Финансиски средства</th><th>Статус / реализација</th></tr>
<tr><td>Изготвување на проценка на усогласеноста (gap анализа) на законската рамка (закони и подзаконски акти) во областа на БЗР со Конвенциите на МОТ за БЗР во градежништво (C167), БЗР во рудници (C176) и БЗР во земјоделство (C184), како и Конвенцијата бр.190 против вознемирување и насилство при работа.<br>- Согледување на можностите и препораки за ратификација на наведените конвенции на МОТ</td><td>2021 – 2022</td><td>ЕСС, МТСП, социјални партнери, МОТ</td><td>- Изработена анализа и добиени препораки</td><td>Поддршка од МОТ<br><br>2021: 300,000<br>2022: 320,000</td><td><u>РЕАЛИЗИРАНО.</u><br>Во изминатиот период со поддршка од Канцеларијата на МОТ, направени се т.н. gap-анализи на националната законска рамка со барањата и стандардите кои ги утврдуваат наведените Конвенции на МОТ. Врз основа на овие анализи иницирани се дискусии помеѓу различните засегнати страни, пред сè социјалните партнери, вклучително и на Седници на Економско-социјалниот Совет.<br><br>Активностите резултираа со тоа што Република Северна Македонија веќе ја ратификуваше Конвенцијата за елиминирање на насилството и вознемирувањето на полето на трудот, 2019 (C190) на Меѓународната организација на трудот.<br><br>Освен тоа, на седницата на Економско-социјалниот Совет (20.2.2023 год.) едногласно се усвои препораката од Советот, да се ратификуваат и конвенциите на МОТ:<br>- Конвенција за безбедност и здравје во градежништвото, 1988 год. (C167) и<br>- Конвенција за безбедност и здравје во рудниците, 1995 год. (C176).<br>како резултат на што, Владата на РС Македонија, во јуни 2023 година, донесе Одлука за пристапување на Република Северна Македонија на овие две конвенции од областа на БЗР.<br>Следен чекор е подготовка на законите за ратификација и нивно доставување до Собранието, во соработка со МНР.<br><br>Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) кои активно учествуваа во сите активности поврзани со анализите и препораките за ратификација на конвенциите, и на своите социјални медиуми ги промовираше Конвенциите на МОТ и потребата од нивна ратификација (Конвенциите на МОТ за БЗР во градежништвото (C167) и во рудниците (C176), како и Конвенцијата бр.190 против вознемирување и насилство при работа).</td></tr>
</table>

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1

## ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ревидирање на правната рамка на опасни занимања, т.е. занимања/ работни места со високо ниво на ризици, за кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење (бенефициран стаж)** | 2021 – 2023 | **МТСП**, ФПИОМ, ИМТ, Релевантни институции и организации | - Подготвена компаративна анализа<br>-Изготвен подзаконски акт со листа на опасни занимања / работни места) | - Финансиска поддршка од Светска банка (проект)<br><br>2021: 3,000,000<br>2022: 20,000,000<br>2023: 7,000,000 | **ВО ТЕК.**<br>Во рамките на активностите од проектот **„Ревизија на листата на опасни занимања кои се квалификувани за предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж (БРС)“** поддржан со Светска Банка, прикажани се состојбите на системите за предвремено пензионирање (бенефициран стаж) преку искуствата во земјите од поранешна Југославија, како и најдобрите практики на земјите од ЕУ.<br>За реализација на ревизијата на работните места и работните услови со набљудување на терен  се остварени средби во вкупно **66 деловни субјекти**.  При тоа се ревидирани **2,013 работни места**, сите достапни постоечки работни места на моменталната листа на работни места со стаж на осигурување со зголемено траење (дадени во Правилник за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, „Службен весник на РСМ“, бр.284/2021).<br><br>Согласно основната цел на проектот која предвидува ревидирање на Листа на опасни занимања/работни места подобни за предвремено пензионирање во согласност со нивото на ризик и предложениот степен на пензија, изработена е нова ревидирана листа на работни места со бенефициран стаж. Листата содржи назив на работното место, опис на ризиците на работното место, опис на работното место и работни задачи, предлог степен на осигурување, како и максимален број на години работно искуство и максимална возраст на работното место изложено на ризици. Предлог листата произлегува од експертската проценка и теренска работа од страна на тимовите на проектниот конзорциум составен од Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Центарот за истражување, развој и континуирано образование од Скопје, Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Технолаб ДОО од Скопје и Институтот за медицина на трудот на Р. Северна Македонија.<br><br>Од вкупно ревидирани 1,735 работни места во 41 дејност, на предложената листа на работни места подобни за предвремено пензионирање се наоѓаат вкупно 722 работни места, поделени во 29 дејности. Во споредба со претходната листа на работни места дефинирани со Правилникот (Сл. весник 284/2021) бројот на работни места е намален за 1,013 работни места или за 58.4%. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ВО БЗР** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Време нска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| | | | | | Причините за намалување на бројот на работни места подобни за предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж се најмногу поради изгаснати дејности или не постоење на деловни субјекти од соодветна дејност. Покрај тоа, технолошкиот напредок во одредени дејности придонесува да се намалат ризиците на работното места (дигитализација и автоматизација на технолошките процеси, користење на нови материјали, поефикасна ЛЗО и сл.), што доведува до промена на степенот на осигурување со бенифициран стаж или целосно укинување како работното места со зголемен ризик.<br>Проектот се наоѓа во завршна фаза на реализација. |
| **Усогласување на легислативата во делот на методологијата на регистрирањето и евиденцијата на повредите при работа и професионалните болести со ЕУ методологијата и легислативата** (*Euporean stastics on accidents at work – ESAW* и *European occupational diseases statistics - EODS*) | 2022-2023 | **МТСП**, МЗ, ДИТ, релевантни институции согласно интересот и надлежности те | **-Усогласена легислативата во методологијата на регистрирањето и евиденцијата на повредите при работа и професионалните болести** | **Нема фискални импликации** | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.**<br>Оваа активност не е реализирана. На истата останува да се работи со меѓународна експертска поддршка и во рамките на планираниот ЕУ IPA III проект за „Унапредување на БЗР“ (кој според последните информации и планови, би требало да отпочне со реализација во втората половина, или кон крајот на 2024 година). |
| **Донесување на Акциски план за БЗР за период 2024-2025** | 2023 | **МТСП**, сите останати клучни партнери | - Изработен Акциски план за БЗР 2024-2025<br>- Усвоен Акциски план за БЗР 2024-2025 | МТСП:<br>2023: 31,000<br><br>ФЕС<br>2023: 18,000 | **НЕРЕАЛИЗИРАНО / ВО ТЕК.**<br>На активноста се работи и тоа најпрвин со подготовка на Извештај за реализираните активности и остварените резултати, во согласност со АП 2021-2023. Овој Извештај се подготвува во Q1 2024 година, а веднаш по тоа, откако ќе се согледаат состојбите, ќе се подготви и новиот АП за претстојниот период 2024-2025. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| **Јакнење на улогата, дејноста и капацитетите на Државниот инспекторат за труд** (ДИТ)<br>- Кадровско и техничко зајакнување на ДИТ<br>- Анализа и ревидирање на начинот и методологијата на работа на трудовите инспектори во делот на БЗР<br>- Дизајн и усвојување на нови, современи методи на работа, унапреден пристап во функционирањето, процедури, стандарди и практики, упатства и насоки за работа (каде што е потребно), во согласност со ЕУ и меѓународните практики и стандарди<br>- Ревидирање на моделот на известување за перформансите и реализираните активности на инспекторите<br>- Унапредување на информациониот систем и техничките ресурси во ДИТ<br>- Подобрување и унапредување на web-страната на ДИТ, воведување на нови содржини, овозможување на поголема интерактивност итн.<br>- Креирање на тренинг центар во ДИТ и развој на програми за обука<br>- Реализирање на обуки за инспекторите<br>- Креирање на платформа за on-line обуки на инспекторите од ДИТ, вклучително и со модули за БЗР (поддршка МОТ, 2022)<br>- Обуки на сите инспектори за трудова легислатива (поддршка МОТ, 2022) | 2021-2023 | **ДИТ, МТСП** | - Кадровско зајакнување на капацитетите на ДИТ, (број на нови вработувања на инспектори и друг персонал во Инспекторатот)<br>- техничко зајакнување на капацитетите на ДИТ (набавка на ИТ и друга опрема за потребите на Инспекторатот и инспекторите)<br>- развиени модули за обука<br>- број на реализирани обуки и обучени инспектори (и други вработени) | Поддршка од МОТ и ЕУ фондови (регионален ESAP проект)<br><br>2022: 6,200,000<br><br>- Буџет на ДИТ,<br>- како и IPA III (планиран ЕУ ИПА проект за „Унапредување на БЗР“) - планиран буџет од околу 2-2.5M € | **<u>НЕРЕАЛИЗИРАНО / ВО ТЕК.</u>**<br>Имплементацијата на овие планирани активности во најголемиот дел не е отпочната, затоа што истите беа планирани да се имплементираат со поддршка во рамките на ЕУ IPA III Проектот за „Унапредување на БЗР“. Проектот беше планирано да започне многу порано, но според последните информации неговата имплементација се очекува за втората половина (или крајот) на 2024 година.<br><br>Во меѓувреме, во изминатиот период, се реализираа поголем број на останати активности кои беа во насока на континуирано зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (самостојно, како и со поддршка од МОТ).<br>Меѓу нив би ги одбележале:<br><br>- **Кадровско зајакнување на капацитетите во периодот 2021-2023.** Во периодот 2021-2023 година, во Секторот за БЗР во Државниот инспекторат за труд на 11 вработени им завршил работниот однос по основ на пензионирање. Во овој период, **новопримени вработени во секторот се 22**, и дополнително – 7 унапредувања на вработени.<br>- **Техничко зајакнување на капацитетите.** И во овој период Државниот инспекторат ја продолжи соработката со **Меѓународната организација на трудот (МОТ)** од каде доби и донација во лична заштитна опрема за инспекторите (зимски јакни), техничка опрема (мерни инструменти, таблети, фотоапарати), како и средства за модернизирање на web-страната на инспекторатот за подобра транспарентност и пристапност на субјектите на надзорот и граѓаните. Изработена е нова web-страна на ДИТ ( https://dit.gov.mk/ ).<br>- **Унапредување на ефикасноста и ефективноста во спроведувањето на инспекцискиот надзор.** Од јануари 2022 година инспекторите од ДИТ користат софтверска алатка, т.е. платформа **Е–инспектор**, подготвена и овозможена од страна на Инспекцискиот Совет на РСМ. Користењето на оваа алатка овозможува унифицираност при примената на прописите, подобрена размена на информации преку воспоставување на отворени комуникациски канали и единствен централен ИТ систем, прибавување и размена на податоци од другите институции неопходни за ефикасно спроведување на инспекцискиот |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| - Развој на систем за управување со случаи – case management system (поддршка МОТ, 2022) | | | | | надзор, подобрување на организациската поставеност на инспекцискиот надзор, зголемена транспарентност на инспекциските постапки, подобрена координација на инспекциските активности и обезбедување на стандардизирани повратни информации. Во периодот ноември и декември 2021 година сите инспектори се задолжија со преносни компјутери (лап топ) и беа инсталирани принтери во службените возила, како би можеле уште на терен истите да се користат за изготвување на записници, решенија, платни налози и сл.<br>- **Реализирање на обуки за инспекторите и подигнување на нивните капацитети и знаења.** Според Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука за инспекторите за труд, кој се изготвува од страна на Државниот инспекторат за труд, во периодот од 2021 до 2023 година се извршени вкупно 9 генерички обуки и 12 специјализирани обуки и тоа:<br>- **Генерички обуки:** **(2021)** Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор)**;** Начела и организација, права, постапки, одговорност и санкции (Закон за прекршоци); Компјутерска обработка и табеларни пресметки; **(2022)** Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки); Компјутерска обработка на текст; Спречување на корупција; **(2023)** Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзор и Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор); Изработка на управи акти; Систем на интегритет во инспекциските служби.<br>- **Специјализирани обуки од областа на БЗР:** **(2021)** Закон за безбедност и здравје при работа; Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност; Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа за привремени мобилни градилишта; Правилник за изменување на правилникот за знаци за безбедност и здравје при работа; **(2022)** Правилник за ЛЗО; Правилник за евиденција од областа на БЗР; Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените на работниот простор; **(2023)** Правилник за начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | и податоците врз кои треба да се заснова проценатa на ризикот; Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар; Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените од ризиците поврзани со изложување на азбест при работа; Директива 1989/654 - Минимални барања за безбедност и здравје за работното место; Директива 92/57/ЕЕЗ на Советот од 24 јуни 1992 година за спроведување на минималните барања за безбедност и здравје на привремени или мобилни градилишта.<br>- Покрај тоа, државните инспектори за труд во овој период земаа учество на поголем број на семинари конференции, работни групи, односно настани организирани од социјалните партнери и останати релевантни чинители кои работат на полето на безбедност и здравје при работа. |
| **Зајакнување на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика во делот на БЗР**<br>- Формирање на сектор/одделение за безбедност и здравје при работа; вработување (назначување) на две дополнителни лица; обуки на вработените и сл. | 2022-2023 | **МТСП** | - Формиран сектор/одделение и вработени лица<br>- реализирани обуки/семинари за вработените во МТСП | МТСП<br><br>2022: 960,000<br>2023: 960,000 | **НЕРЕАЛИЗИРАНО** |
| **Зајакнување на капацитетите на Советот за БЗР**<br>- Анализа на функционирањето на Советот за БЗР во Република Северна Македонија и компаративни искуства од други земји (од регионот и пошироко), со препораки за унапредување;<br>- Обуки/работилници/семинари за членови на Советот | 2021-2023 | **Совет за БЗР**, МТСП, МЗ, МЗЗПР, останати релевантни и заинтересирани институции и организации | - Регионално поврзување на Советот за БЗР<br>- Реализирани работилници<br>- Институционално зајакнување на Советот како советодавно тело на Владата на РСМ, преку проактивно делување (предложени препораки, измени и дополнувања, како и носење на нови | МТСП<br><br>2021: 10,000<br>2022: 31,000<br>2023: 31,000<br><br>- поддршка од ЕУ фондови преку проект имплементиран од МЗЗПР | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Во рамките на проектот поддржан од ЕУ за „Подобрување на работните услови и безбедноста и здравјето при работа како поддршка на земјите од Западен Балкан на патот на пристапување кон Европската унија“, координиран од страна на Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), подготвена е анализа, т.е. проценка на организациските и институционалните капацитети на националните совети за БЗР во земјите од регионот, вклучително и Советот за БЗР од Република Северна Македонија. Врз основа на анализите, наодите и препораките содржани во овој документ, во два наврати во текот на 2021година (јули и септември) беа реализирани неколку-дневни работилници за членовите на Советот за |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| - Реализирање на активности за зголемување на видливоста и влијанието на Советот (промотивни активности, организирање и учество во кампањи и активности за подигнување на свеста, одржување на редовни седници на кои се дискутираат актуелни теми од областа на БЗР, носење заклучоци/препораки и сл.) | | | законски и подзаконски акти) | | БЗР и јакнење на нивните капацитети. На овие работилници беа дискутирани повеќе прашања поврзани со можностите за подобрување на работата на Советот и зголемување на неговата видливост, подобрувања во делот на улогата и функцијата на Советот, планирањето, организацијата на работата и воспоставувањето на ефикасна комуникација, подготовка на годишни програми за работа, социјален дијалог и партиципирање во носењето на одлуки во областа на БЗР итн.<br><br>Во организација на МЗЗПР во јануари 2021 година организирана е on-line панел дискусија на тема „Тековни предизвици и идни перспективи во спроведувањето на реформите за БЗР и процесите за воспоставување дијалог и соработка помеѓу граѓанските организации и Националниот совет за БЗР“<br><br>Во изминатиот период Советот за БЗР редовно одржува седници и дискутира за актуелни прашања и теми од областа. Исто така активен е во подготовката на стратешките документи (Стратегија и АП за БЗР) и следењето на реализацијата на предвидените активности и постигнатите резултати. Советот за БЗР учествува во организацијата на промотивни настани, како и во дисеминирањето на промотивни материјали и пораки поврзани, пред сè, со Европската кампања за здрави работни места и др.<br><br>Во делот на подобрувањето на видливоста на Советот за БЗР и неговата работа, придонесува и редовното одржување на содржините во делот за Советот на web-страната на МТСП, каде редовно се објавуваат информации за одржаните седници (се објавуваат извадоци од записниците од одржаните седници), како и други поважни материјали – препораки и сл. усвоени од Советот. |
| **Јакнење и унапредување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа**<br>- Обуки/работилници/семинари за унапредување на знаењата на стручните лица за безбедност при работа<br>- Реализирање на процесот на полагање на стручен испит и овластување на стручни лица | 2021-2023 | **МТСП**, МОН, овластени провајдери на обуки, стручни здруженија за БР и медицина на трудот, | - Континуирана едукација и развој на дополнителни знаења и вештини на стручните лица за БР преку реализирани обуки на различни теми од областа на БЗР<br>-Зголемен број на стручни лица за БР | ДИТ<br><br>2021: 217,000<br>2022: 217,000<br>2023: 217,000<br><br>- дополнително<br>- средства во рамки на буџетите на | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br><br>Во овој период континуирано се подготвуваше и реализираше **полагањето на стручниот испит за безбедност при работа** и издавањето на Уверенија на кандидатите кои го положија испитот. Така, во 2021 година испитот го полагале вкупно 63 кандидати во две сесии (март и декември), во 2022 год., организирани и реализирани се вкупно 3 полагања на стручниот испит, испитот го полагаа вкупно 83 кандидати, а истиот го положија (и теоретски |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| - Унапредување, модернизирање и развој на програмите, моделите и формите на континуирана професионална едукација на стручните лица за БР<br>- Размена и пренесување на искуства и знаења на меѓународен план (во регионот и пошироко) | | универзитети и факултети со студиски и наставни програми од БЗР | | организаторите, надлежни институции | и практичен дел) вкупно 40 кандидати. Во 2023 година организирани се вкупно 3 полагања (во март, во јуни и септември), при што 75 кандидати го полагаа испитот, а го положија 41 кандидат.<br><br>Во периодот беа организирани и повеќе различни обуки, семинари, тркалезни маси, конференции на различни теми од областа на БЗР, кои ги организираа пред сè здруженијата на стручни лица по безбедност при работа, но и други субјекти од областа.<br><br>- Меѓународно стручно советување „БЗР БЕЗ ГРАНИЦИ“ организирано од ЗИЗ „Тутела“. Во присуство на над 150 учесници, од 15 земји, Турција, Грција, Бугарија, Косово, Црна Гора, Србија, Хрватска, Словенија, Италија Швајцарија, Англија, Велс, Русија, Унгарија и Македонија, претставници на Владини и невладини организации од земјата и од странство, во периодот од 27-29 септември 2023 година, во Струга, се одржа Првото меѓународно стручно советување на инженери за заштита БЗР БЕЗ ГРАНИЦИ. На конференцијата беа разменувани искуства на тема „Странски работници“.<br><br>- во периодот 2021-2023, ЗИЗ „Тутела“ има организирано и одржано 14 обуки, пред сè наменети за стручните лица за БР, членови на здружението, како и членови на ко-организаторите на дел од обуките (Македонско здружение за медицина на труд и ЗБР 28 Април, Скопје);<br><br>- во континуитет се објавува Првото стручно списание за Безбедност и здравје при работа „ТУТЕЛА“;<br><br>- во март 2023, реализиран е семинар од страна на Машинскиот факултет во соработка со МЗЗПР и Стопанската комора на РСМ, на тема „Повреда при работа, законска регулатива и надоместок на плата во случај на повреда при работа“, со целна група - стручни лица за БР;<br><br>- МЗЗПР учествува во организацијата на Меѓународна конференција за БЗР „QUO VADIS OSH“, во октомври 2023 година, во Копаоник, Р. Србија, за дискусии и размена на искуства помеѓу експерти од областа на БЗР од регионот. |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

## ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | - МЗЗПР организира неколку студиски посети за стручни лица (и останати чинители од областа) за јакнење на капацитетите и размена на искуства (Измир – 2.2022, Неапол – 5.2022, Мадрид – 11.2022, Малме – 5.2023,<br><br>- во овој период здружението МЗЗПР исто така, организира и спроведува поголем број на обуки и семинари наменети за стручните лица по БЗР, меѓу кои „Безбедносни барања во работна средина и следење на здравствена состојба на вработените“ (on-line семинар, 12.2021); „Хемиски штетности, влијание врз здравје и ризици на работно место, со посебен осврт на превентивните и корективни мерки при користење на технички и медицински гасови“ (on-line семинар, 12.2021); „Противпожарна заштита - начин како најдобро да го заштитите вашиот бизнис“ (10.2021); „Ковид-19 – нов предизвик во безбедноста при работа мускулно-скелетни нарушувања“ (7.2021); „Управување со опасни супстанци“ (9.2022); „ Ковид – 19: три години подоцна нови предизвици за безбедноста и здравјето при работа при справување со пост-Ковид“ (12.2022); „Ергономија како основа за превентивни мерки од мускулоскелетни заболувања“ (4.2023), „Зачувување на психолошката и физичката способност на вработените, справување со промени и стрес, враќање на работа после повреда и надоместок“ (7.2023) и други. |
| **Здравствена заштита на работниците**<br>- унапредување на контролата на квалитетот на услугите кои ги обезбедуваат овластените установи за медицина на трудот преку развој и примена на критериуми за евалуација, следење и контрола на квалитетот на услугите од областа на медицината на трудот, кои се спроведуваат во овластените установи - Служби за медицина на труд (СМТ). | 2021-2023 | **ИМТ**, МЗ, МЗМТ, СМТ | - Развиена методологија и критериуми за евалуација, следење и контрола на квалитетот на услугите од областа на медицината на трудот | ЕУ фондови (активности во рамки на трилатерален проект Словачка, Србија, Северна Македонија)<br><br>2021: 200,000<br>2022: 200,000<br>2023: 200,000 | **РЕАЛИЗИРАНО**<br>Реализиран е трилатералниот Проект, на 5.9.2023 год, во Скопје се одржа Завршна Конференција на Проектот, на која беа презентирани заклучоци за унапредување на контролата на квалитетот на услугите кои ги обезбедуваат овластените установи за медицина на трудот, преку развој и примена на критериуми за евалуација, следење и контрола на квалитетот на услугите од областа на медицината на трудот, кои се спроведуваат во овластените установи - Служби за медицина на труд (СМТ). Исто така презентиран е и предлог-регистерот за професионални болести.<br>Проектот ги комбинира знаењата добиени од првичните анализи на состојбите во контролата на почитувањето на обврските од страна на работодавачите во однос на заштитата на здравјето при работа и функционирањето на системот на државен надзор над активностите на давателите на професионални здравствени услуги во Р. Северна |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| | | | | | Македонија. Истовремено, ги сумира и лекциите научени од функционирањето на сличните институции и процеси во Р. Словачка. Во рамките на проектните активности, овие наоди им беа презентирани на партнерите во две интерактивни работилници. Претставниците на двата национални институти (Србија и Северна Македонија) изразија интерес да продолжат да работат со презентираните примери во иднина, преку избор од најрелевантните принципи на словачкиот систем на професионални здравствени услуги.<br>Претставниците од ИМТ изразија интерес за натамошно пренесување на искуствата во оваа областа од една од земјите-членки на Европската Унија. Тоа ќе биде ефикасен начин за Северна Македонија да ги искористи докажаните процедури и воспоставената практика во делот на заштита на здравјето при работа, на земја која веќе ги има имплементирано потребните директиви во своето законодавство.<br><br>Во декември 2021 година, здружението МЗЗПР организира еднодневен on-line семинар за стручни лица, на тема „Безбедносни барања во работна средина и следење на здравствена состојба на вработените“. |
| **Образование и континуирана едукација и усовршување**<br><br>- Промовирање и акредитација на специјалистички програми за БР | 2022-2023 | УКИМ, УГД, УКЛО, Совет за БЗР | Акредитирани заеднички програми за специјалистички студии за БЗР | УКИМ, УГД, УКЛО | **НЕРЕАЛИЗИРАНО**<br>Универзитетите и факултетите кои реализираат студиски програми од областа на БЗР се согласни за акредитација на унифицирани специјалистички програми за БЗР, кои понатаму би биле основа за овластување на стручни лица за безбедност при работа од страна на МТСП. Сепак, поради немање на законска основа, постоечките студиски програми се гаснат и нема доволен интерес за студирање на овие студиски програми. |
| - Развој на тренинг модул на тема „Менаџмент на стресот поврзан со работата“ | 2021-2023 | **ИМТ**, МЗМТ | - Развиен тренинг модул | ИМТ | **РЕАЛИЗИРАНО**<br>Развиен е тренинг модул на тема „Менаџмент на стресот поврзан со работата“ наменет за различни таргет групи на работници.<br>Развиен е тренинг модул на тема „Менаџмент на стресот поврзан со работата“ наменет за различни таргет групи на работници во текот на изминатите две години, кој што се користи во практични цели за иследување на стресот поврзан со работата кај различни популациони групи на работници (административни, здравствени и др.). |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| - Креирање на критериуми за евалуација на обуките за континуирано усовршување на стручните лица за БР | 2021-2022 | **МТСП**, МОН | - Донесување на критериуми за евалуација на обуките за континуирано усовршување на стручните лица за БР | Нема фискални импликации | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |
| - Промовирање на превентивна БЗР култура и принципи на БЗР кај најмладите (ученици во основни училишта) преку развој на промотивни и едукативни материјали и наставни програми за внесување на теми од БЗР во основното образование | 2022-2023 | **МТСП**, МОН, | Подготовка на промотивен материјал и наставни програми (предлог за вклучување на БЗР теми во основно образование) | Планирани активности во рамки на ЕУ ИПА проект за „Унапредување на БЗР“ | **ВО ТЕК**<br>Како што е и првично планирано, најголемиот дел од овие активности поврзани со воведувањето на теми од областа на БЗР во сите нивоа на образование, треба да се реализира со експертска поддршка преку ЕУ IPA III проектот за „Унапредување на БЗР“ (кој според последните информации и планови, би требало да отпочне со реализација во втората половина, или кон крајот на 2024 година).<br><br>Значаен придонес во овој дел, т.е. во промовирањето на БЗР култура и БЗР принципи помеѓу учениците од основно образование има проектот **„БЗР од мали нозе“** кој се спроведува веќе пет години (започнат е во 2019 година) на иницијатива на ЗИЗ Тутела - Скопје како носител на проектот, и со поддршка од здруженијата ЗБР „28 април“ - Скопје и ЗЗПР Битола, од Битола. Проектот е одобрен од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, како настан за подигање на јавната свест за градење на култура за безбедност и здравје, кај учениците од најмала училишна возраст. До сега се издадени 5 (пет) збирки на песни и раскази „БЗР ОД МАЛИ НОЗЕ”, при што на конкурсите/повиците до сега учество имаат земено 96 основни училишта, свои творби имаат доставено 756 ученици со вкупно пристигнати 756 творби. Проектот продолжува и во наредниот период.<br><br>Покрај тоа, при тековните консултации за подготовка на новиот Закон за БЗР, се организираа и првични работни состаноци со претставници од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието на кои се дискутираа овие теми поврзани со можностите и најсоодветните форми за вклучување на безбедноста и здравјето при работа во наставните процеси и програми. Овие принципи се вклучени и во одредби од нацрт-текстот на новиот Закон за БЗР. Поинтензивни активности во овој дел се очекуваат и во рамки на ИПА проектот откако истиот ќе започне со имплементација. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| **Промоција на култура на превенција**<br><br>- Развој на превентивна програма за безбедно ракување со опасни хемиски супстанци и карциногени | 2021-2023 | **МЗ**, МТСП, **ИМТ**, стручни здруженија, синдикати, работодавачи | - Изработена превентивна програма за безбедно ракување со опасни хемиски супстанци и карциногени | Нема финансиски импликации | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |
| - Изработка на промотивни видеа за безбедноста и здравјето при работа во градежништво, рудници и земјоделство, како и против вознемирување и насилство на работно место | 2021-2022 | **ЕСС**, **МТСП**, социјални партнери, МОТ | - Изработени видеа и поставени на web-портали, социјални медиуми и сл. | Поддршка од МОТ<br><br>2022: 1,147,000 | **РЕАЛИЗИРАНО**<br>Со поддршка на канцеларијата на МОТ, подготвени се четири промотивни видеа во рамки на процесот на поддршка на ратификацијата на релевантните конвенции на Меѓународната организација на трудот, во областа на безбедноста и здравјето при работа. Изработени и промовирани (во 2021 год.) се видеата за следните конвенции на МОТ:<br><br>- Конвенција за спречување насилство и вознемирување во светот на работата (бр.190). Линк до видеото: https://youtu.be/WFgVw0Q7AoE<br>- Конвенција за БЗР во градежништво (бр.167). Линк до видеото: https://youtu.be/mn7NrspYm9s<br>- Конвенција за БЗР во рудници (бр.176) Линк до видеото: https://youtu.be/9dNi8p6G6bw<br>- Конвенција за БЗР во земјоделство (бр.184). Линк до видеото: https://youtu.be/PQQuejpoDqA |
| - Усвојување на знаења и вештини од областа на БЗР низ образовен процес на сите нивоа од основно, средно и високо образование | 2021-2023 | **МОН**, **МТСП**, образовни институции, провајдери на обуки, проф. здруженија | - Програми за едукација и обука за БЗР во основните и средни училишта со воведување на основните принципи за БЗР во наставните програми и содржината на наставните предмети | Планирана поддршка во рамки на ЕУ ИПА проект за „Унапредување на БЗР"<br><br>- сопствени средства на организаторите | **НЕРЕАЛИЗИРАНО**<br>Како што е и првично планирано, најголемиот дел од овие активности поврзани со воведувањето на теми од областа на БЗР во сите нивоа на образование, треба да се реализира со експертска поддршка преку ЕУ IPA III проектот за „Унапредување на БЗР" (кој според последните информации и планови, би требало да отпочне со реализација во втората половина, или кон крајот на 2024 година).<br><br>Во меѓувреме, во рамките на тековните консултации за подготовка на новиот Закон за БЗР, се организираа и првични работни состаноци со претставници од Министерството за образование и наука и Бирото за |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Времеска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | развој на образованието на кои се дискутираа овие теми поврзани со можностите и најсоодветните форми за вклучување на безбедноста и здравјето при работа во наставните процеси. Овие принципи се вклучени и во одредби од нацрт-текстот на новиот Закон за БЗР. Многу поинтензивни активности во овој дел се очекуваат во рамки на ИПА проектот откако истиот ќе започне со имплементација. |
| - Организација на семинари / работилници за едукација на работници и работодавачи, синдикални претставници и претставници на работниците за БЗР | 2021-2023 | **ОРМ**, синдикати, стопански комори, стручни здруженија, факултети | - Реализирани семинари, работилници, обуки и опфат на учесници / слушатели | Во рамки на буџетите на организаторите | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Во организација на МЗЗПР (Македонското здружение за заштита при работа) во два наврати, во септември и октомври 2022 година, организирана е обука за вмрежување, соработка и реформски процеси за БЗР (програми за обука за градење капацитети) на кои присуствуваа учесници од различни сектори, вклучително и синдикални организации, работодавачи, експерти за здравје и безбедност при работа од компании, доктори по медицина на труд и професори од високообразовни институции, претставници од државни институции и граѓански организации од областа на трудот.<br><br>Во соработка помеѓу Машинскиот факултет, МЗЗПР и Стопанската комора на РСМ, организирана е работилница на тема „Повреда при работа, законска регулатива и надоместок на плата во случај на повреда при работа“ (март 2023).<br><br>Реализирана работилница од Машински факултет, МЗЗПР И СОНК (Синдикатот за образование, наука и култура) на тема „БЗР во дејностите на образование и наука“ (февруари, 2023 год.), со целна група - членови на синдикатот СОНК.<br><br>On-line семинар на тема „Придобивки од вклученост на претставник на вработени за БЗР во системот за управување со безбедност и здравје при работа“ (5.2021), во организација на МЗЗПР.<br><br>Во периодот декември 2022-февруари 2023 год. реализирани се две работилници во однос на позиција работодавач - работник, како и во однос на професионални заболувања со кои се соочуваат вработените во сите дејности што ги застапува СОНК (Синдикатот на образование, наука и култура). Целта на работилницата беше да се увиди моменталното ниво, |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| | | | | | како и да се прошири знаењето од областа на БЗР на синдикалните претставници од образовниот сектор<br><br>Во мај 2023 година, во организација на КСС, СОНК и МЗЗПР, реализирани се две работилници за „Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука“. На работилниците присутните членови на синдикатот имаа можност да се едуцираат и да ги прошират своите знаења, како и да ги посочат проблемите со кои се соочуваат на своите работни места во однос на безбедноста и здравјето при работа.<br><br>Во 2022 година Формиран е **Синдикален совет за БЗР** при Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС). Подготвена е програма за функционирање на Синдикалниот совет за БЗР, промовиран со низа настани во три региони, спроведување на кампањи за БЗР. Во 2023 година, Синдикалниот совет за БЗР со свој претставник, активно учествува на работилница и меѓународен состанок на тема „БЗР како фундаментално право на работниците - пристојни работни места и работни места поволни за климата", Црна Гора и Вилнус, Литванија<br><br>КСС во соработка со *Solidarity Center* од САД (септември-декември 2022 год.) одржаа 8 дводневни работилници/обуки за безбедност и здравје при работа за синдикални претставници од следните сектори: администрација и државна управа, наставен кадар, медицински персонал, полиција, армија, енергетика, рударство и индустрија, вработени во угостителство, комунални претпријатија и водостопанство.<br><br>КСС заедно со локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) од три селектирани општини, изготвија Студија за подобрување на безбедноста и здравјето при работа, пред сè на локално ниво во трите таргетирани општини.<br><br>Март-мај 2023 год., КСС организираше три работилници на тема безбедност и здравје при работа за членови на синдикатот, во Скопје, Битола и Струга.<br><br>Во втората половина на 2023 година одржани се три конференции на тема *„Да зборуваме гласно! Да работиме гласно! Заедно за пристојно, безбедно* |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *и здраво работно место!*". Одржаните три регионални конференции во Скопје, Штип и Битола на тема безбедноста и здравјето при работа како еден од најважните сегменти на работното место за пристојна работа, беа во организација на КСС, Синдикалниот совет за БЗР и Solidarity Center од САД.<br><br>Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) исто така секога година реализира обуки за свои членови (посебно во делот на претставникот на работниците за БЗР, меѓу кои и обуки поврзани со безбедност и здравје при работа. Така на пример и Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање (СГИП) секоја година, задолжително организира по две обуки, токму на разни теми поврзани со БЗР.<br>ССМ, исто така активно учествува и во поддршка и организација на промотивни настани во делот на БЗР и дисеминација на информативни и едукативни материјали од областа. |
| - Реализирање на активности за унапредување на бипартитниот дијалог за безбедност и здравје при работа во компаниите, преку колективни договори | 2021-2023 | **ОРМ**, работодавачи, синдикати, МТСП | Организирани работилници/семинари;<br>- склучени/ревидирани колективни договори со вклучување на прашања од областа на БЗР | Во рамки на буџетите и финансиските можности на организаторите | **ВО ТЕК**<br>- Во организација на КСС (Конфедерацијата на слободни синдикати) реализирани се Јавни дебати на тема „Промовирање на дијалогот за подобрување на работните услови, безбедноста и здравјето при работа" во периодот декември 2022-јануари 2023 год. Организирани се три јавни дебати во Скопје, Битола и Охрид.<br>- Во периодот декември 2022-февруари 2023 год. реализирани се две работилници (со теоретски и практичен дел) во однос на позиција работодавач - работник, како и во однос на професионални заболувања со кои се соочуваат вработените во сите дејности што ги застапува СОНК (Синдикатот на образование, наука и култура). Целта на работилницата беше да се увиди моменталното ниво, како и да се прошири знаењето од областа на БЗР на синдикалните претставници од образовниот сектор<br>- За одбележување е и фактот што КСС (конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија) има потпишано нови колективни договори на ниво на работодавач во неколку општини (локална самоуправа): во Охрид, Битола, Ѓорче Петров, Бутел, Брвеница, Свети Николе, Илинден, Новаци и Могила. Овие колективни договори во содржината имаат повеќе од 5 членови кои утврдуваат обврски и права од областа на безбедност и здравје при работа. |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| - Реализирање на обуки преку **Едукативната платформа на ОРМ**, кои ќе вклучуваат и модули од областа на БЗР | 2021-2023 | **ОРМ** | Спроведени обуки со модули за БЗР и број на слушатели | ОРМ; дел од обуките се овозможуваат бесплатно и немаат фин. импликации | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Преку **Едукативната платформа на ОРМ** се реализираат on-line обуки, меѓу другото и за областа БЗР, кои овозможува слушателите да добијат одговори на клучните теми важни за управување со системите за безбедност и здравје при работа на ниво на компанија.<br>Дополнително преку платформата се овозможува и разјаснување на клучни прашања кои се однесуваат на имплементирање на политиките за БЗР на национално ниво и ниво на претпријатие.<br><br>Темите по 9 модули даваат јасен преглед кој ги опфаќаат оперативните аспекти за БЗР со детални делови за: Законот за безбедност и здравје при работа, Систем за управување со БЗР, Безбедносни барања - Работна средина, средства за работа и опрема за работа, Изјава за безбедност и проценка на ризик, Лична заштитна опрема, Следење на здравствената состојба на вработените, Повреда при работа и Евиденција од областа на безбедност и здравје при работа, БЗР комуникација со засегнатите страни – стручни лица за БЗР, претставници на работници за БЗР, синдикални претставници, инспекциски надзор и Економски аспекти на безбедноста и здравјето при работа. |
| - Реализирање на тематски обуки, семинари, објава на информации на социјалните медиуми, изготвување на промотивни материјали поврзани со превенција на професионални болести, болести во врска со работата и повреди на работа | 2021-2023 | **ОРМ**, останати партнери од областа | Спроведени обуки, објави, изработени промотивни материјали | ОРМ; Дел од обуките се овозможуваат бесплатно и немаат фин. импликации | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Министерството за труд и социјална политика на својата web-страна (посебно во делот посветен на безбедноста и здравјето при работа: https://www.mtsp.gov.mk/bezbednost-i-zdravje-pri-rabota.nspx) редовно објавува промотивни материјали и информации од областа на БЗР, како истите би ги направиле лесно достапни со сите заинтересирани и засегнати субјекти. Таков е на пример случајот со сите промотивни материјали кои се поврзани со темите на Европската кампања за здрави работни места (мускуло-скелетни нарушувања и дигитализација – флаери, водичи, постери, презентации, публикации и сл.); потоа се објавуваат одредени анализи/студии и истражувања (пр. Анализата за состојбите со БЗР во секторот – земјоделие – 11.2023), одредени публикации на Европската агенција за БЗР (пр. Влијанието на „долгиот Ковид“ врз вработените и работните места – 5.2022, Водич за работа во услови на зголемена топлина); се објавуваат стратешки документи, препораки и сл. |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Реализиран семинар од Машински факултет во соработка со МЗЗПР и Стопанската комора на РСМ, на тема „Повреда при работа, законска регулатива и надоместок на плата во случај на повреда при работа“ (март 2023).<br><br>Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) редовно споделува информации за организираните обуки на facebook и web страните на организацијата.<br><br>Во периодот август - октомври 2022 година, во организација на КСС, подготвена е Анализа на несреќи, повреди при работа и професионални заболувања во три региони (Битола, Штип, Скопје). Анализата содржи податоци за несреќи, повреди и професионални заболувања во конкретниот регион, добиени од надлежните институции и организации: граѓански организации, Државниот инспекторат за труд, Заводот за статистика, Институт за јавно здравје, Медицина на трудот и др. |
| - Реализирање на активности за промовирање, запознавање и подигнување на свеста за имплементација на стандардот ISO 45001:2018, пред сѐ во малите правни субјекти/компании | 2021-2023 | **МТСП**, социјални партнери образовни институции, професионални здруженија, стручни лица за БЗР | Спроведени обуки, семинари и сл. | во рамки на буџетите и финансиските можности на организаторите | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |
| - Промовирање и јакнење на превентивната БЗР култура кај заштитните друштва и останатите субјекти кои вработуваат инвалидни лица | 2021-2023 | **ОРМ**, **ЗАПОВИМ**, МТСП, АВРМ, здравствени установи, стручни лица | Спроведени обуки, семинари и промотивни активности | Во рамки на буџетите и финансиските можности организаторите | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |

## <u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2</u>

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Време нска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| - Организирање на промотивни и настани за подигнување на свеста кај различните субјекти и за поттикнување и развој на превентивна БЗР култура (кампањи, одбележувања на значајни настани и датуми – пр. Светски ден за БЗР, Европска недела за БЗР, изготвување и дисеминација на промотивни материјали, користење на on-line медиуми и алатки за јакнење на свеста за БЗР и пренесување на пораки итн.) | 2021-2023 | **МТСП**, Совет за БЗР, сите останати институции и релевантни партнери и засегнати страни, социјални партнери, здруженија | - Реализирани кампањи, организирани настани, промотивни материјали | МТСП:<br>2021: 20,000<br>2022: 124,000<br>2023: 124,000<br><br>ФЕС: за промотивни кампањи / настани<br>2022: 186,000<br>2023: 186,000<br><br>- дополнително<br>- во рамки на буџетите и финанс. можности на релевантните субјекти<br>- планирана е и поддршка преку ЕУ ИПА проект за “Унапредување на БЗР“ | **<u>РЕАЛИЗИРАНО.</u>**<br>Во изминатите години редовно се организираат соодветни промотивни настани, кои како своја примарна цел имаат континуирано подигнување на свеста и знаењето кај сите релевантни чинители за теми и прашања поврзани со безбедноста и здравјето при работа. Вообичаено, централни се настаните кои се организираат за одбележување на значајните датуми поврзани со областа БЗР и тоа Светскиот ден за БЗР (28 април) и одбележувањето на Европската недела за БЗР (кон крајот на октомври секоја година). Централните настани за одбележување на овие настани се вообичаено, во организација на Советот за БЗР и на Министерството за труд и социјална политика и на истите секогаш присуствуваат голем број на претставници од сите засегнати страни во областа (институции, социјални партнери, здруженија на експерти по безбедност при работа и по медицина на трудот, високообразовни институции и други.). Овие настани, вообичаено се организираат тематски и обработуваат одредени прашања и теми од БЗР кои се актуелни, како кај нас, така и на меѓународен план.<br>Така при организирањето на одбележувањето на „Светскиот ден за БЗР“, акцентот беше ставен на „потребата од инвестирање во силни и флексибилни системи за БЗР кои ќе можат навремено да одговорат на појавата на кризи“ (2021); „активно и заедничко делување на сите релевантни субјекти во градењето на позитивна БЗР култура“ (2022) и „младите истражувачи во функција на градење на здрава и безбедна работна средина, како фундаментално право на работниците“ (2023).<br>При одбележувањето на Европската недела за БЗР, покрај прогласувањето на најдобрите компании во државата во однос на имплементираните БЗР системи, се обезбедува и тематска покриеност на тековната Европска кампања за здрави работни места која се спроведува во координација со Европската Агенција за БЗР (EU-OSHA) и тоа „мускулно-скелетни нарушувања поврзани со работата“ (2021); „вознемирување на работно место и психо-социјални ризици“ (2022) и „дигитализацијата и БЗР“ (2023).<br><br>Покрај овие, и повеќе останати субјекти самостојно или во меѓусебна соработка, организираат посебни настани за подигнување на свеста за БЗР (семинари, конференции, други настани).<br>Се подготвуваат и дистрибуираат и одредени промотивни и едукативни материјали и содржини, како што се на пример, материјалите поврзани со Европската кампања за БЗР, „Водичот за работа во услови на зголемена |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | температура", содржини кои се достапни преку web-страни или социјални медиуми и сл.<br><br>И здруженијата на стручни лица по безбедност при работа, активно учествуваат во одбележувањето на Светскиот ден и Европската недела за БЗР, преку организирање на пригодни настани и одбележувања.<br>Така на пример, секоја година на свечен начин се одбележува Светскиот ден за БЗР (април) како и Европската недела за БЗР (октомври) преку заеднички настан, од страна на ЗИЗ Тутела - Скопје како носител, и ЗБР „28 Април" - Скопје и ЗЗПР - Битола. При овие настани, вообичаено се одржуваат и доделувањата на награди и/или прогласувања на победници на Годишните награди „БЗР од мали нозе" и Годишните награди за добри практики во БЗР – во организација на овие три здруженија.<br><br>МЗЗПР (Македонското здружение за заштита при работа) редовно подготвува годишни извештаи за случени несреќи на работно место кои ги промовира во медиуми и на настани организирани за одбележување на 28 Април - Светски ден за БЗР<br><br>Здруженијата исто така, особено активно ги користат своите web-страни и социјалните медиуми за редовно и континуирано објавување и споделување на различни информации и материјали на различни теми од делот на безбедноста и здравјето при работа. |
| **Истражување и развој**<br><br>- Студија за синдромот на согорување и неговите предиктори кај здравствените работници за време и пост COVID-19 пандемија | 2021-2022 | **ИМТ**, Мрежа на ЈИЕ за здравје на работниците | - Спроведено истражување<br>- Изработени и усвоени препораки и мерки за превенција<br>- Дисеминирани резултати | Буџетска поддршка од СЗО<br><br>2021: 150,000<br>2022: 100,000 | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Спроведена и реализирана е Студија за синдромот на согорување и неговите предиктори кај здравствените работници за време и пост COVID-19 пандемија. Резултатите се објавени во релевантно списание (Frontiersofpsychology). Студијата е спроведена во текот на 2020-2021 година преку online анкета на здравствените работници од ЈИЕ и имаше за цел да ги демонстрира и спореди нивоата и димензиите на исцрпеност кај здравствените работници од земјите од ЈИЕ и да ги открие односите на исцрпеност-работа/ресурси кај овие работници за време на пандемијата. Ова on-line мултицентрично вкрстено истражување проучуваше голема група (N = 4,621) здравствени работници кои работат во земјите од ЈИЕ.<br>Резултатите покажаа дека превентивните мерки за подобрување на менталното здравје кај здравствените работници за време на пандемијата и |

## **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2**

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | пошироко треба да ги земат предвид разликите помеѓу земјите во однос на контекстот на земјата и тековните научни сознанија. Во болниците треба да се спроведе модифициран стрес тест во врска со идните „шокови“ и ризици кои може да вклучуваат нови пандемии, тероризам, катастрофи или гранични конфликти. |
| - Студија за ергономски истражувања за превентивни мерки при работа од дома во услови на пост COVID-19 пандемија | 2021-2022 | **МФ**, други факултети и научни институции во областа, ИМТ | - Спроведено истражување<br>- Изработена студија<br>- Изработени и усвоени препораки и мерки за превенција | 60,000 ден. (сопствени средства и придонес од организаторите) | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Студијата со наслов „Teleworking, Telestudying“, е изработена од Машинскиот факултет во Скопје. Презентација на резултатите од истражувањето се реализирани на вебинарот организиран од EU OSHA во јуни 2021 година. |
| - Организирање на форум за поддршка на научно истражувачка дејност во областа на БЗР со вклучување на областа во националната истражувачка агенда како еден од приоритетите | 2021 | **МОН**, МТСП, МЗ, универзитети, факултети и други релевантни научни институции во областа | - Организиран форум | | **НЕРЕАЛИЗИРАНО** |
| - Студија-истражување за ефектите на дигитализацијата во работните процеси и БЗР | 2021-2022 | **МФ**, ИМТ, универзитети, факултети и други релевантни научни институции во областа | - Реализирана студија | МФ | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Вакво истражување е реализирано од страна на Машински факултет во Скопје на тема „Глобални трендови на дигитализација во работата и нејзино влијание на безбедноста и здравјето на работниците“. Истражувањето беше презентирано пред претставници на сите релевантни субјекти од областа на БЗР, на настанот кој се одржа на 25.10.2023 година, по повод одбележување на Европската недела за БЗР (настан организиран од Советот за БЗР и МТСП). |
| - Истражување на ризици од изложеност на хемиски штетности во неиндустриски дејности (земјоделие, градежништво, сервисни услуги..) | 2022 | **УГД**, универзитети, факултети и други релевантни научни институции во областа | - Спроведено истражување<br>- Изработени и усвоени препораки и мерки за превенција | во рамки на сопствени средства | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Во рамките на студиската програма на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, изработени се магистерски теми за изложеност на ризици во комуналните дејности и сектор градежништво. |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

### ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

| Активност | Временска рамка | Одговорни | Индикатори за следење | Финансиски средства | Статус / реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Информатички системи во БЗР**<br>- Подготовка за изработка на софтверско решение за интегриран систем за пријавување на повреда при работа, согласно ЕСАВ методологијата | 2022-2023 | **МТСП**, ДИТ, МЗ, останати релевантни институции во областа | - Развиено софтверско решение за интегриран систем на пријава на повреда при работа | Планирана е поддршка во рамки на ЕУ ИПА проект за "Унапредувањ е на БЗР" | **НЕРЕАЛИЗИРАНО**<br>Како што е и првично планирано, активноста треба да се реализира со експертска поддршка преку ЕУ IPA III проектот за „Унапредување на БЗР" (кој според последните информации и планови, би требало да отпочне со реализација во втората половина, или кон крајот на 2024 година). |
| - Целосна анализа и ревизија на тековната состојба; унапредување на методологијата; дизајн и имплементација на единствен, унифициран, web-ориентиран ИТ систем за евидентирање, собирање на податоци и известување во областа на БЗР (повреди при работа, професионални заболувања и др.) | 2022-2023 | **МТСП**, ДИТ, МЗ, останати релевантни партнери во областа на БЗР | - изготвена анализа и детален работен план на активности за редизајн, унапредување и воспоставување на единствен и функционален ИТ систем за евидентирање и известување<br>- дизајн и воспоставување на информатички систем за статистички податоци во областа на БЗР | Планирана е поддршка во рамки на ЕУ ИПА проект за "Унапредувањ е на БЗР" | **НЕРЕАЛИЗИРАНО**<br>Како што е и првично планирано, активноста треба да се реализира со експертска поддршка преку ЕУ IPA III проектот за „Унапредување на БЗР" (кој според последните информации и планови, би требало да отпочне со реализација во втората половина, или кон крајот на 2024 година). |
| | | | | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНА активност** | | | | | Во изминатиот период на Машинскиот факултет се изработени 6 дипломски и 2 магистерски работи на различни теми од областа на БЗР. |
| | | | | | |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| **Нови начини и форми на работа** *(работа од дома, нови технологии: нанотехнологија, биотехнологии, електромагнетни зрачења; автоматизација, дигитализација... нестандардни форми на работа, сезонска работа, работа на мигранти, работа во неформален сектор, „сива економија“)*<br><br>- Подготовка и усвојување на предлог за унапредување на правната рамка за регулирање на работата од дома и работата од далечина | 2022 | **МТСП**, останати релевантни институции и организации | - Изработен и усвоен акт за унапредување на рамката за БЗР за работа од дом | Нема финансиски импликации | **НЕРЕАЛИЗИРАНО / ВО ТЕК.**<br>При тековните консултации за подготовка на новиот Закон за безбедност и здравје при работа, дискутирано е и за овие прашања кои се поврзани со безбедноста и здравјето при работа и новите форми на работење кои стануваат се поприсутни, како работата од дома, работата од далечина, работата на/преку платформи и сл. Се настојува, овие елементи и форми на работа да најдат свое место и во новиот текст на Законот за работните односи, кој е подолго време во подготовка. Во наредниот период ќе се работи на тоа да се конзистентност во регулирањето на овие форми, како во ЗРО, така и во текстот на новиот Закон за БЗР. |
| - Студија/истражување за ергономски превентивни мерки при работа од дома (работа од далечина) во услови на COVID-19 пандемија | 2021-2022 | **МФ** | - Спроведено истражување<br>- Подготвени препораки и мерки за превенција | МФ | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>На Машинскиот факултет во Скопје, во септември 2021 година, реализирана е студија на тема „Ергономска анализа при појава на мускулоскелетни заболувања кај студенти за време на пандемијата Covid-19“, со целна група - студентска младина.<br>Студијата дава анализа на причините за појава на мускулоскелетни заболувања кај студентската популација, испровоцирана од работа од дома за време на пандемијата. Дадени се препораки за ергономско дизајнирање на работното место (компјутер, работна маса и столица), со задолжителни паузи и рекреативно вежбање. |
| - Организирање и спроведување на промотивни и едукативни активности, активности за подигнување на свест, поврзани со безбедноста и здравјето при работа и одредени нови и/или нетипични форми на работа | 2021-2023 | **МТСП**, сите релевантни институции и останати засегнати страни во делот на БЗР | - реализирани активности и опфат | - во рамки на буџетските средства на различните субјекти и партнери | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Во рамки на истражувањето спроведено меѓу студентската популација на тема „Ергономска анализа при појава на мускулоскелетни заболувања кај студенти за време на пандемијата Covid-19“ (септември 2021), изработена е и дистрибуирана брошура - Упатство за уредување на работното место при работа од дома.<br><br>На настанот за одбележување на „Европската недела за БЗР“ (25.10.2023), меѓу другото беа презентирани и дискутирани теми поврзани со БЗР како „Работа на Дигитални платформи: ризици, можности и предизвици за во иднина“, „Здрава и безбедна работа во дигиталната ера - здравје на работниците“ – прашања поврзани со новите предизвици |

| **<u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3</u>**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| | | | | | по безбедноста и здравјето поврзани со новите работни места, новите работни средини и услови поттикнати од развојот на технологијата и дигитализацијата на работата, како и сè позачестената примена на нестандардните форми на работа – работа од дома, работа од далечина, хибридна работа и сл.... |
| - Изготвување на анализа на состојбата во однос на безбедноста и здравјето при работа, несреќи при работа, професионални заболувања итн. во секторот на земјоделие и шумарство (кај земјоделските работници, сезонските работници, неформално вработените во земјоделието) | 2022 | **МТСП**, останати релевантни институции и засегнати страни во областа | - подготвена анализа; подготвени препораки и предлози за подобрување на законска рамка; | Поддршка во рамки на ЕУ (ИПА) проект<br><br>2022: 4,340,000 | **<u>РЕАЛИЗИРАНО.</u>**<br>Во рамки на ИПА проект поддржан од ЕУ за „Подобрување на работните услови“, подготвена е детална **„Анализа на моменталната состојба во Република Северна Македонија со повреди при работа и професионални ризици и болести во земјоделскиот сектор**“, со предлог за насочени мерки за намалување на стапката на несреќи и подобрување на состојбите во однос на БЗР во овој сектор.<br><br>За реализација на активноста извршена е идентификација на сите засегнати страни, институции, здруженија, земјоделски стопанства и компании, заедно со преглед на законската легислатива од аспект на можностите за вклучување на земјоделските работници во системот за безбедност и здравје при работа, со цел превенирање и намалување на повредите и професионалните заболувања кај земјоделците.<br>Реализирани се средби и интервјуа со засегнати страни во дејноста земјоделство, кои ги креираат, спроведуваат и контролираат политиките во оваа област, а спроведена е и анкета со прашалници за земјоделските работници од сите гранки, со цел да се направи увид на реалните состојби и мислењето на директните учесници во работните процеси.<br><br>Врз основа на анализата, дадени се препораки за промени во легислативата, препораки за работодавачите, работниците и засегнатите институции, со цел да се подобрат работните услови како би се зголемиле безбедноста и заштита на здравјето на работниците кои извршуваат земјоделски активности. |
| - Спроведување на промотивни и активности за подигнување на свест (кампања, јавни дебати, промотивни материјали, семинари) за работните услови, БЗР, ранливоста на работниците во земјоделието, главни опасности и штетности, превенција на несреќи и професионални болести, неформалноста во секторот итн. | 2022 | | реализирани едукативни и промотивни активности | Поддршка во рамки на ЕУ (ИПА) проект | **<u>РЕАЛИЗИРАНО.</u>**<br>Во март 2021, реализирана е презентација на истражување спроведено од Машински факултет во Скопје и Институтот за медицина на трудот на РСМ, на вебинарот во организација на EU-OSHA на тема БЗР во земјоделието. Презентацијата беше насловена „Превентивната култура за БЗР во земјоделството, случајот на Северна Македонија“. Во истражувањето се наведени ризиците при работа и последиците по здравјето на земјоделците, приказ на состојбата во земјоделието, како и препораки за подобрување. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| | | | | | Покрај тоа, во ноември/декември 2023 година, во рамките на ИПА проектот за „Подобрување на условите за работа“, реализирани се повеќе работни средби со сите засегнати страни во дејноста земјоделие, при што се донесени препораки и заклучоци за значењето на БЗР за оваа дејност и потребата од нејзина промоција и ефикасна имплементација кај земјоделците, особено на категоријата индивидуални земјоделци кои се надвор од системот. |
| **Демографски промени и работа** (*стареење на работната сила, учество на жени и млади работници во структурата на работната сила, лица со попреченост)*<br><br>- Спроведување на клиничко-епидемиолошко истражување посветено на проблемот на вулнерабилните групи работници (млади, стари и жени), како и високоризичните сектори и дејности (земјоделци, градежни работници, здравствени работници). Дисеминација на добиените резултати со клучните партнери од областа | 2021-2023 | **ИМТ**, СМТ, здруженија за безбедност при работа, МЗМТ | - Спроведено истражување<br>- Дисеминиран и резултати | Во рамки на буџетот на ИМТ | **РЕАЛИЗИРАНО**<br>Спроведено е клиничко-епидемиолошко истражување посветено на проблемот на високоризичните сектори и дејности (земјоделци и рурално население) од северозападниот дел на државата (со вклученост на околу 150 испитаници), во текот на 2022 и 2023 година.<br>Истражувањето е спроведено во рамките на активностите на Националната превентивна програма за јавно здравје на РСМ, преку активноста “Оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците во Република Северна Македонија со посебен осврт на влијанието на климатските промени и феноменот на топлотните бранови”.<br>Во текот на подготовките за истражувањето, од страна на истражувачкиот тим на ИМТ беа остварени контакти и средби со претставниците на локалната самоуправа на одделни рурални населби на територијата на државата, како и претставници на земјоделски задруги и претпријатија. Беа опфатени околу 150 земјоделци (земјоделски работници) од неколку рурални населени места од северозападниот дел РСМ, како неслучаен примерок, чие основно занимање е земјоделството.<br>Во рамките на реализираните активности беа вклучени следните методи и постапки: епидемиолошка анкета, на околу 150 земјоделци со цел да се добијат податоци за присуството на професионални штетности и опасности, податоци за актуелната здравствена состојба кај испитуваните лица, а беа реализирани и околу 150 превентивни медицински прегледи кај земјоделците во повеќе рурални населени места. Истовремено на опфатените земјоделски работници им беше дистрибуиран и промотивен материјал, односно брошури за штетностите и опасностите од професионалната експозиција во земјоделството по нивното здравје и работна способност.<br><br>Од истражувањето констатирано е дека најчестите земјоделски активности кај испитуваните субјекти се: работа во полјоделство, одгледување на градинарски култури, копање, употреба на механизација, наводнување, употреба на пестициди, одгледување на добиток и производство и преработка на млеко и млечни производи. Притоа, земјоделците се главно експонирани на: неповолни климатски фактори, прашина, хемиски агенси, контакт со животни и растенија, тешка физичка работа, |

<table>
<tr><th colspan="6">СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3<br>ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ</th></tr>
<tr><th>Активност</th><th>Временска рамка</th><th>Одговорни</th><th>Индикатори за следење</th><th>Финансиски средства</th><th>Статус / реализација</th></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>мускулна преоптовареност, принудни и несакани положби на телото, повторувани движења на рацете, како и работа со остри предмети во текот на изведување на земјоделските активности.<br><br>Преваленцијата на симптомите и заболувањата кај испитуваните земјоделци укажува на присуство на: симптоми во врска со работата (болка во грбот, мускулна болка во екстремитетите, замор), додека пак најчесто регистрирани заболувања во последните 12 месеци се мускулно-скелетните, респираторните и гастро-интестиналните заболувања.<br><br>Во однос на здравствената состојба кај земјоделците беше детектирано дека кардиоваскуларните заболувања, а особено хипертензијата претставуваат доминантен здравствен проблем, следени со дегенеративните заболувања на ‘рбетот (цервикални спондилози, лумбоишиалгии, дископатии, дискус хернии), остеопорозни промени, како и хроничните заболувања на гастроинтестиналниот и респираторниот систем.<br>Кај земјоделците, кај кои беа утврдени одредени промени во здравствената состојба и работната способност, беа давани препораки за видот на работата која им одговара во зависност од здравствената состојба, со посочени ограничувања за работа на височина, тешка физичка работа, работа во услови на изложеност на прашина и/или хемиски штетности, сензибилизирачки агенси, иританси итн. Давани беа усни и писмени препораки за одредени навики од животниот стил, како престанок на пушење или пиење, здрава исхрана и диета, редовни контроли кај избраниот лекар или одредени специјалисти во зависност од постоечките заболувања или состојби.<br>Во текот на прегледите беа изведувани и превентивно-едукативно-воспитни активности. При постоење на индикации, одредени лица со зголемен ризик од оштетување на здравјето беа повикувани во Институтот за медицина на трудот за дополнителни испитувања и оценка на здравствената состојба и работната способност.</td></tr>
<tr><td>- Истражување за ризиците и прилагодувањето на работната и животна средина за лица со попреченост</td><td>2022-2023</td><td>МТСП, МЗ, ЗАПОВИМ, невладини орган. за лица со инвалидност</td><td>- Спроведено истражување<br>- Дисеминиран и резултати</td><td>МТСП<br>2022: 31,000<br>2023: 31,000</td><td><u>РЕАЛИЗИРАНО.</u><br>Реализирано е истражување од Машински факултет во Скопје, на тема „Ергономско прилагодување на работни места на лица со телесен инвалидитет“. Истражувањето е направено во соработка со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“, во период од октомври 2022 до јануари 2023 година.<br>Препораките од истражувањето укажуваат на непосветеност на работодавачите кон потребите на телесните инвалиди, која во голема мерка ја отежнува реализацијата на работните активности (несоодветен пристап до работното место, неадаптирани тоалети, тесни врати, премини и лифтови, прагови и скалила и сл.).</td></tr>
</table>

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| - Анализа и промотивни активности за ранливоста на земјоделските работници, изложеноста на опасности и ризици, несреќи и повреди при работа, важноста на БЗР во секторот земјоделие | 2022 | **МТСП**, останати релевантни институции и засегнати страни во областа | - подготвена анализа; реализирани активности за подигнување на свеста | Поддршка преку ЕУ (ИПА) проект („Услови за работа“) | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Во рамки на ИПА проект поддржан од ЕУ за „Подобрување на работните услови“, подготвена е детална „Анализа на моменталната состојба во Република Северна Македонија со повреди при работа и професионални ризици и болести во земјоделскиот сектор“, со предлог за насочени мерки за намалување на стапката на несреќи и подобрување на состојбите во однос на БЗР во овој сектор.<br>Во рамките на активностите, реализирани се работни средби со сите засегнати страни во дејноста земјоделие, при што се донесени препораки и заклучоци за значењето на областа за БЗР и нејзина промоција и имплементација кај земјоделците, особено на категоријата индивидуални земјоделци кои не се препознатливи во системот за БЗР. |
| **Одговор на новонастанати ризици**<br><br>***Биолошки агенси***<br><br>- Спроведување на клиничко-епидемиолошко истражување посветено на проблемот на изложеност и управување со биолошки агенси на работното место<br>- Дисеминација на добиените резултати со клучните партнери од областа | 2022-2023 | **ИМТ**, МЗМТ, стручни здруженија за БР, релевантни организации | - Спроведено истражување<br>- Дисеминирани резултати | со донаторска поддршка | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |
| - Јакнење и унапредување на способноста за одговор на здравствените работници на COVID-19 или други новонастанати биолошки ризици. (Организирање и спроведување на промотивни и едукативни активности, тренинг на тренери на регионално ниво на ЈИЕ, национални работилници, обуки) | 2022-2023 | **ИМТ**, СМТ, МЗМТ | организирани едукативни настани, обуки, работилница на ниво на ЈИЕ и на национално ниво | Финансиска поддршка од Мрежата на ЈИЕ за заштита на здравјето на работниците<br><br>2022: 30,000 | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Организирани се вебинари со промотивни и едукативни активности, наменети за обука на здравствените работници од вакциналните пунктови, национални работилници, обуки. Обуките беа реализирани со регионален пристап кај околу 500 здравствени работници ширум земјата и тоа во два наврати, октомври 2022 и во текот на пролетта 2023 година, поддржани од USAID.<br>Целта беше да се подигне свеста за инфективните, но и за останатите ризици по здравјето на овие работници за време на КОВИД пандемијата, но и после тоа. |
| ***Азбест*** | 2021-2023 | МЗ, МТСП, **ИМТ**, професионал | - Усвоена Национална програма за | - нема фискални импликации | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| - Усвојување на Националната програма за елиминација на болести предизвикани од азбест | | ни здруженија, невладини организации, единици на локалната самоуправа | елиминација на болести предизвикани од азбест | | |
| - Подготовка и организација на кампања за зголемување на информираноста и свесноста за ризикот од штетните ефекти на азбестот во животната и работната средина за различни целни групи | 2022-2023 | **МЗ, МТСП, ИМТ**, професионални здруженија, невладини организации, единици на локалната самоуправа | Реализирана кампања (локално ниво, ниво на претпријатие, национално ниво) | - со донаторска поддршка | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |
| ***Психосоцијални фактори***<br><br>- Спроведување на истражување за иследување на стресот поврзан со работата кај различни групи работници<br>- Изработка и усвојување на препораки и мерки за превенција на стресот поврзан со работата кај различни групи работници. Дисеминација на добиените резултати со клучните партнери од областа | 2021-2023 | **ИМТ**, МЗМТ, професионални здруженија, невладини организации | - Спроведено истражување<br><br>- Изработени и усвоени препораки и мерки за превенција<br>- Дисеминиран и резултати | во рамки на буџетот на ИМТ и од корисниците на услугите | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Спроведени се истражувања за иследување на стресот поврзан со работата кај различни групи работници (се врши во континуитет), според претходно утврдената и усвоена методологија за истражување и менаџмент на стресот поврзан со работата. |
| - Спроведување на обуки за организација или менаџирање на тема психосоцијални ризици, стрес поврзан со работата, синдром на согорување, насилство на работа, мобинг – како значајни предизвици | 2021-2023 | **ОРМ**, синдикати, професионални здруженија, невладини организации, здравствени институции, установи | - реализирани обуки, семинари и опфат на слушатели | - во рамки на буџетските средства на организаторите и партнерите | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br><br>Организацијата на работодавачи на Македонија (**ОРМ**) има подготвено снимена обука која се состои од 4 модули, од областа на Законот за мобинг.<br><br>Во организација на **МЗЗПР**, во јули 2023 година реализирана е обука (еднодневен семинар) за стручни лица на тема „Зачувување на психолошката и физичката способност на вработените, справување со промени и стрес, враќање на работа после повреда и надоместок“. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| ***Мускулоскелетни нарушувања***<br><br>- Спроведување на епидемиолошко истражување за утврдување на зачестеноста на МСБ во врска со работата. Дисеминација на добиените резултати со клучните партнери од областа | 2021-2023 | **ИМТ**, МЗМТ, професионални здруженија, останати релевантни организации | - Развиен тренинг модул, спроведено истражување<br>- Изработени препораки и мерки за превенција<br>- Дисеминирани резултати | сопствени и средства од донатори | **НЕРЕАЛИЗИРАНО.** |
| - Учество во активности и пренесување на пораките од Кампањата за здрави работни места на EU-OSHA, посветена на мускулоскелетните нарушувања | 2021-2022 | **МТСП**, Совет за БЗР, институции, професионални здруженија за безбедност при работа и медицина на труд, социјални партнери | Дистрибуирани промотивни материјали поврзани со кампањата, организирани настани, итн. | МТСП:<br>2021: 15,000<br>2022: 15,000<br><br>- поддршка од EU-OSHA,<br>- средства во рамки на буџетите на останатите институции, партнери | **РЕАЛИЗИРАНО.**<br>Министерството за труд и социјална политика на својата *web*-страна има изработено посебен дел (секција) кој се однесува токму на актуелната Европска кампања за здрави работни места (вклучително и кампањата за мускуло-скелетни нарушувања „Олеснете го товарот“ 2020-2022 (https://www.mtsp.gov.mk/EE5A1A2D-558E-426C-95F2-A3A10B41D3EA.nspx). Во кој дел редовно се објавува промотивни материјали и информации поврзани со кампањата и со темата (флаери, водичи, постери, презентации, публикации, видео материјали и сл.), како истите би ги направиле лесно достапни со сите заинтересирани и засегнати субјекти.<br><br>Покрај тоа, беа организирани и повеќе настани (од страна на МТСП, Советот за БЗР, здруженијата на стручни лица) на кои токму беа презентирани и дискутирани теми и прашања поврзани со мускулно-скелетните нарушувања, кревањето на товар, ракувањето со товар итн.<br><br>ЗИЗ Тутела беше и официјален поддржувач на Кампањата за здрави работни места „Олеснете го товарот“ на Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), и придонесуваше кон пренесување на пораките од кампањата, помеѓу другото и со публикување на статии во списанието за БЗР „ТУТЕЛА“, а и со организирање на тематски настани.<br>Во текот на европската недела за БЗР од страна на ЗИЗ Тутела реализирани се обуки на тема „Мускулно-скелетни заболувања, рачно пренесување на товар“. |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3**<br>**ЈАКНЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ЗА ОДГОВОР НА СИСТЕМИТЕ НА БЗР НА ПОСТОЕЧКИ И НОВОНАСТАНАТИ РИЗИЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни** | **Индикатори за следење** | **Финансиски средства** | **Статус / реализација** |
| | | | | | Од здружението МЗЗПР, во април 2022 и во април 2023 година, организирани се е *on-line* еднодневни семинари на тема „ЕРГОНОМИЈА КАКО ОСНОВА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ОД МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ЗАБОЛУВАЊА“, наменета за стручни лица по безбедност при работа. |
| ***<u>Опасни, хемиски супстанци</u>***<br>- Спроведување на епидемиолошко истражување преку Прашалник за знаења, ставови и практики за управување со опасни хемиски супстанции и професионални малигни болести<br>- Изработка и усвојување на препораки и мерки за превенција на професионалните малигни неоплазми кај различни групи работници. Дисеминација на добиените резултати со клучните партнери од областа | 2021-2023 | **ИМТ**, МЗ, професионални здруженија | - Спроведено истражување<br>- Изработени препораки и мерки за превенција<br>- Дисеминирани резултати | сопствени и средства од донатори | **<u>НЕРЕАЛИЗИРАНО.</u>** |
| | | | | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНА активност** | | | | | Истражување на тема „**Организациската мотивација како инструмент за менаџмент со системите за безбедност и здравје при работа**“ реализирано на Машинскиот факултет во Скопје.<br>Главниот фокус се однесува на можноста организациската мотивација да биде искористена како инструмент (средство) за насочување на однесувањето на вработените кон безбедно однесување, односно почитување на воспоставените норми за безбедност и здравје при работа и учество во воспоставените практики за безбедност и здравје при работа.<br>Преку анализа на релевантната теорија се дава придонес кон освестување на значењето на организациската мотивација од аспект на безбедноста и здравјето при работа, односно во системите за менаџмент со безбедноста и здравје при работа во смисла на насочување на вработените кон безбедно однесување, т.е. кон почитување на воспоставените норми за безбедност и здравје при работа и учество во воспоставените практики за безбедност и здравје при работа. Дополнително, преку спроведеното истражување потврдена е релевантноста на организациската мотивација, разбрана преку теоријата на самоопределување, и безбедноста и здравјето при работа. |